REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
... ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
... развој на образованието
... ARSIMIT DHE SHKENCËS
... e zhvillimit të arsimit
04 - 678/21
Бр./Nr. 31.7. 2025
20 ... год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 10 и член 45 Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18) и „Службен весник" на РСМ број 275/19, 14/2020, 215/2021, 99/2022 И 208/2024), Конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлог кандидат за вработување број 10-1174/12 од 29.7.2025 година директорот на Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието донесе

## О Д Л У К А

**за избор на 1 (еден) извршител по јавен оглас број 464/2025 за работно место Помлад соработник за следење и евалуација на постигањата на учениците и наставниците**

1. За извршител на работите од работното место со шифра УПР0101В04000, и назив на работното место **Помлад соработник за следење и евалуација на постигањата на учениците и наставниците** во Одделението за следење и евалуација на постигањата на учениците и наставниците, Сектор за следење и евалуација на постигањата на учениците и наставниците, по јавниот оглас број 464/2025, се избира кандидатот **Сашка Цветановска** со идентификациски код 778F6C2

2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе се објави на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас формирана со решение од директорот на Агенцијата за администрација број 10-1174/7 од 23.6.2025 и измена и дополнување на решението за формирање на комисија со број 10-1174/10 од 24.7.2025 година во функција на спроведување на постапка за вработување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа одлука, а по јавниот оглас за вработување на административен службеник во Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието број 464/2025 објавен на 11.6.2025 година во дневните весници „Нова Македонија", „Слободен печат" и „Коха" и на интернет страницата на Агеницијата за администрација, спроведе постапка за административна селекција (Записник број 10-1174/8 од 1.7.2025 година), Испит за административен службеник (Записник број 10-1174/9 од 24.7.2025 година) и Проверка на веродостојноста на доказите и интервју за административен службеник (Записник број 10-1174/11 од 29.7.2025 година).

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас изготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог кандидат за вработување број 10-1174/12 од 29.7.2025 година со кој го предложи кандидатот број 1 за работното место наведено во огласот и истите се доставија до директорот на Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието.

Директорот на Министерство за образование и наука - Бирото за развој на образованието по добивање на конечната ранг листа на кандидати и предлог за вработување на кандидати, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука, може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на нејзиното објавување на веб-страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Агенцијата за администрација
- Одделението за управување со човечки ресурси на БРО
- архива

**Директор**

м-р Милка Тримчевска

Изготвил: Емилија Пановска

Одобрил: м-р Оливер Станојоски